20111463192

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 147 став (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11 и 51/11), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИТЕ ПЛОЧКИ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ И РЕГИСТРАЦИЈА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЛОЧКАТА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ И РЕГИСТРАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водењето евиденција на издадените плочки за означување и регистрација и формата и содржината на плочката за означување и регистрација на автоматите за игри на среќа и масите за игри со топчиња, коцки или карти.

Член 2

Во евиденцијата од членот 1 на овој правилник, се внесуваат податоци за:

- називот и седиштето на приредувачот на играта на среќа;
- називот и адресата на деловната просторија во која се приредуваат игрите на среќа во казино, односно автомат клуб, во која се сместени автоматите и масите за кои се издадени плочките за означување и регистрација;
- вкупниот број на издадени плочки за означување и регистрација за деловната просторија за секој приредувач на игри на среќа во казино и вкупниот број на издадени плочки за означување и регистрација за секоја деловна просторија за секој приредувач на игри на среќа во автомат клуб и
- бројот на секоја издадена плочка за означување и регистрација за деловната просторија за секој приредувач на игри на среќа во казино и бројот на секоја издадена плочка за означување и регистрација за секоја деловна просторија за секој приредувач на игри на среќа во автомат клуб.

Во евиденцијата покрај податоците од ставот 1 на овој член се внесуваат и сите промени во врска со издадените плочки за означување и регистрација.

Евиденцијата се води во пишана и/или електронска форма.

Член 3

Плочката за означување и регистрација на автоматите за игри на среќа има квадратна форма, со димензии од 3см x 3см, во која е впишан бројот на плочката.

Член 4

Плочката за означување и регистрација на масите за игри со топчиња, коцки или карти има правоаголна форма со димензии 2см x 5см, во која е впишан бројот на плочката.

Член 5

Формата и содржината на плочките од членовите 3 и 4 на овој правилник се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на водење евиденција, регистарот, формата и содржината на плочката за означување и регистрација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/97).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 20-30108/3
6 октомври 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

Плочка за означување и регистрација на автомати за игри на среќа

бр. _____

Плочка за означување и регистрација на маси со топчиња, коцки или карти

бр. ______